Бр. 12-521/4
13-06-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-521/1 од 18.02.2019 година.

Сомневањата за прекршувања и незаконитости во врска со започната постапка за пополнување на работно место наставник на определено време до 31.08.2018 година во ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија, не се потврдени.

Предметот со број 12-521/1 од 18.02.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-521/1 од 18.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител.

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомневања за прекршувања и незаконитости во врска со започната постапка за пополнување на работно место наставник на определено време до 31.08.2018 година во ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија, на кој јавен оглас, иако подносителот ги исполнил сите услови барани во огласот и Законот за основно образование, вклучувајќи и положен стручен испит за наставник, не бил примен на работа. Во конкретниот случај, биле примени други кандидати, иако подносителот ги исполнувал условите предвидени со огласот.

По разгледување на наводите во пријавата ДКСК констатира дека во конкретниот случај подносителот на пријавата ги искористил сите правни средства пред надлежните државни органи (Државниот просветен инспекторат и завел работен спор пред надлежниот суд), кои се произнеле дека нема прекршување на законската регулатива во конкретниот случај. Тековно, предметот е во жалбена постапка пред Апелациониот суд во Скопје.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk